**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА**

УП-I бр. 25–149
.09.2014 година 22 -09- 2014
С к о п ј е

Министерот за економија врз основа на член 21 став 7 од Законот за техничката инспекција („Службен весник на Република Македонија" бр.88/08, 119/10, 36/11, 136/11 и 164/13) и Правилникот за користење на жичари („Службен весник на Република Македонија" бр.63/10), постапувајќи по барањето на ТЦИ ЕуроЦерт ДОО Скопје УП-I бр. 25–149 од 26.08.2014 година, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е
## за исполнетост на условите за вршење на технички преглед и периодични испитувања на техничка опрема

1. Се донесува Решение за ТЦИ ЕуроЦерт ДОО Скопје за исполнетост на условите за вршење на прв, периодичен и вонреден технички преглед и испитување на сите типови на жичари за превоз на лица и ски-лифтови, согласно член 2 и член 30 од Правилникот за користење на жичари.

2. Ова решение влегува во сила со денот на негово донесување и ќе важи до исполнување на условите од член 23, 24, 25 и 26 од Законот за техничката инспекција. Доколку правното лице престане да ги исполнува условите за вршење на технички преглед и периодични испитувања, Државниот инспекторат за техничка инспекција е должен да го извести Министерството за економија веднаш, а најдоцна во рок од осум дена од денот на престанувањето на исполнувањето на условите.

3. Со влегување во сила на ова решение, престанува да важи решението УП-I бр. 25-89 од 21.05.2013 година.

## О б р а з л о ж е н и е

Согласно член 21 став 3 од Законот за техничката инспекција, ТЦИ ЕуроЦерт ДОО Скопје поднесе барање бр.08-418/1 од 19.08.2014 година до Државен инспекторат за техничка инспекција, за утврдување на условите за вршење на прв, периодичен и вонреден технички преглед и испитување на сите типови на жичари за превоз на лица и ски-лифтови. Барањето е поднесено поради кадровски промени и продолжување на важноста на сертификатот за акредитација до 28.01.2018 година.

Државниот инспекторат за техничка инспекција по спроведената постапка за проверка на приложената документација согласно Законот за техничка инспекција и Правилникот за користење на жичари, утврди дека ТЦИ ЕуроЦерт ДОО Скопје ги исполнува условите за вршење на прв, периодичен и вонреден технички преглед и испитување на сите типови на

жичари за превоз на лица и ски-лифтови и со допис бр. 08-418/2 од 22.08.2014 година до Министерството за економија достави Мислење за исполнетост на условите.

Кон барањето се поднесени следните документи:
- Мислењето од Државниот инспекторат за техничка инспекција бр.08-418/2 од 22.08.2014 година;
-Сертификатот за акредитација со Прилог за опсегот на акредитација на инспекциско тело бр. ИТ–024, издаден од Институтот за акредитација на Република Македонија на 29.01.2014 година;
-Решение за упис издаден од Централниот регистар на Република Македонија со деловоден број 30120090050908;
-Доказ за тековната состојба на правното лице од трговски регистар и регистарот на други правни лица, издаден од Централниот регистар на Република Македонија бр. 0809-50/150120140039376 од 30.05.2014 година;
-Полиса за осигурување од одговорност од дејност, издадена од Осигурителна полиса АД Скопје со бр. 130280002736 со важност до 27.01.2015;
-Доказ за техничка опременост (изјава) со бр. 03-212/2 од 15.08.2014 година;
-Извештај за билансот на состојба и податоци од билансот на успех бр. 0904-50/150120140029898 од 24.04.2014 година;

-Докази за вработениот стручен кадар: Златко Самарџиоски дипл. маш. инж., Драган Антовски дипл. електро инж., Горан Николовски дипл. маш. инж., Никола Поцев дипл. маш. инж., Илчо Трајаноски дипл. маш. инж.; Александар Нојков дипл. маш. инж., Ивановски Марин машински техничар.

Министерството за економија, постапувајќи по поднесеното барање и одредбите од Законот за техничка инспекција и Правилникот за користење на жичари, утврди дека барањето е основано.

Согласно доставената документација се одлучи како во диспозитивот на Решението.

Таксата од член 37 со тарифен број 156 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија" бр.17/93, 20/96, ... , 6/10 и 145/10) во износ од 2.000,00 денари, е залепена на поднесокот и поништена.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО:** Против ова Решение незадоволната странка има право да поведе управен спор во рок од 8 дена, од денот на приемот на истото до Управниот суд на Република Македонија.

**МИНИСТЕР,**
**Bekim Neziri**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА СКОПЈЕ